**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ВОЕНА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ” СКОПЈЕ**
**- ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА -**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ”- СКОПЈЕ, ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

(ЗА ПЕРИОДОТ 2009-2011)

**Скопје 2012 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ВОЕНА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ”- СКОПЈЕ**
**- ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА -**

## КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ”- СКОПЈЕ, ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

(ЗА ПЕРИОДОТ 2009-2011)

**Скопје 2012 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

ВОВЕД ... 4
За академијата ... 6
1. Визијата и целите на Воената акАдемија ... 7
2. Реализација на студиските програми ... 8
2.1. Модел на студиите од прв циклус ... 8
Општи согледувања за додипломските студии на Воената академија ... 9
2.2.Модел на студиите од втор циклус ... 9
2.3.Можности за продолжување на студиите ... 12
3. Наставно-образовната дејност ... 12
3.1. Наставно-научен,соработнички кадар и административен кадар ... 12
3.1.1. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”. ... 12
Наставно-научен и соработнички кадар ... 13
3.1.2.Анализата на кадровската распределба ... 14
3.1.3. SWOT анализа за наставно-научниот и соработнички кадар на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” ... 15
3.2. Сервисот на студентската служба и одделението за поддршка ... 15
4. Питомци студенти и студенти ... 16
4.1. Насока - „УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИ”; ... 20
4.2. Насока – ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ВО ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИ СИСТЕМИ ... 21
4.3. Насока – НУКЛЕАРНО-ХЕМИСКО-БИОЛОШКА ЗАШТИТА ... 22
4.4. Насока – НИСКОГРАДБА ... 22
4.5. Насока – ПИЛОТ ... 22
4.6. Насока – КОНТРОЛА НА ВОЗДУШЕН ПРОСТОР ... 22
4.7. Насока - КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ... 22
4.9. Осипување на студенти од Воената академија ... 23
4.3. Просторните и материјалните ресурси ... 23
5. Надворешна соработка ... 24
6. Научно-истражувачка дејност ... 25
7. ЗАКЛУЧОК ... 25

**ВОВЕД**

Конституирањето на Воената академија се базира на одредбите од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08 од 14.03.2008 година, односно на нормативите и стандардите за основање на високообразовна установа предвидени во чл. 33-57).

Уште од почетокот на постоењето, Воената академија како придружна членка на Универзитот „Гоце Делчев”, Штип и сите нејзини чинители посебно внимание посветуваат на активностите за обезбедување и подобрување на квалитетот во високото образование. Во рамките на тие процеси, а во согласност со националната регулатива и европските програми за институционална евалуација на високообразовните институции, во февруари 2012 година беше иницирана постапка за внатрешна евалуација ва периодот од 2009 до 2011 година (од основањето на академијата до денес).

Воената академија е акредитирана за трите циклуси на универзитетски студии, а засега се реализираат само студии од прв и втор циклус, а од 15.04.2012 година во тек е постапката за реакредитација на студиските планови и програми за: прв и втор циклус на студии на Воената академија.

Иако акредитацијата на Воената академија е за школување на кадри за потребите на Министерството за одбрана (МО) и Армијата на Република Македонија (АРМ), Министерството за внатрешни работи (МВР) – посебно во делот на интегрираното гранично управување, Центарот за управување со кризи (ЦУК) и другите субјекти во рамките на овој систем, Дирекција за заштита и спасување (ДСЗ) и други институции од областа на безбедноста, одбраната и заштитата, засега се школуваат кадри само за потребите на МО, АРМ, ЦУК и ДСЗ.

Студиите на Воената академија се организираат согласно Болоњската конвенција и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) - униврзитетско школување во траење од четири години во I циклус, една година во II циклус и три години во III циклус (кој сè уште не започнал да се реализира). Студиите се организираат од областите што ги негува Воената академија, а во согласност со современите стандарди и постигнувања во овие области.

Дејноста на Воената академија е дефинирана со структурата и содржината на студиските и предметните програми донесени од страна на нејзиниот основач. Воената академија гарантира континуирана едукација, која ќе им биде овозможена на сите питомци – студенти и слушатели, а воедно нуди и широк спектар на наставни предмети од областа на општествените, природно-математичките, општо-воените, општо-техничките, воено-техничките и воено стручно-специјалистички дисциплини од интегрирана безбедност и заштита, дисциплини од менаџмент со кризи и други научни дисциплини.

Конзистентната имплементација на политиките за квалитет во крајна мера ќе резултираат со подобрување на наставните и научноистражувачките процеси, признавање на дипломите и сертификатите издадени од институцијата на национално и меѓународно ниво и кон зголемување на бенефитите на сите консументи на услуги кои Академијата во своето функционирање ги нуди.

Процесот на самоевалуација е спроведен на институционално ниво од страна на Комисијата за самоевалуација на Воената академија во соработка со Комисии за евалуација при академијата.

Извештајот го изработи Комисијата за евалуација на Воената академија во следниов состав:

- доц. д-р Методи Хаџи Јанев, Раководител на Катедра за Општествени науки,
- доц. д-р Александар Главинов, Заменик раководител во Катедра за воени науки и воени вештини,
- Клетников Никола, предавач, наставник во Катедра за воени науки и воени вештини,
- Питомец Павле Спасов
- Студент Горан Ристовски

Комисијата ги започна активностите за самоевалуација во март 2012 година, базирана на препораките од европските стандарди и насоки за интерно обезбедување квалитет на високообразовните институции, параметрите и индикаторите утврдени во препораките на Европската асоцијација за обезбедување квалитет, како и Упатството за евалуација и евалуациона постапка на факултет/висока стручна школа/научна установа, донесено во 2002 година од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија.

Самоевалуацијата, како еден од чекорите на евалуациониот процес, има три главни цели:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно - образовниот процес во Воената академија, земајќи го во предвид влијанието на научноистражувачката работа врз наставно-образовниот процес;
- да ги анализира добрите и слабите страни во работата на Воената академија и
- да обезбеди основа која ќе послужи за согледување на разликата помеѓу поставените цели и оствареното.

## ЗА АКАДЕМИЈАТА

Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", е лоцирана во Скопје во касарната „Гоце Делчев", на ул: Васко Карангелевски бб, 1000 Скопје Република Македонија.

Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", од студиската 2009/2010 започна со настава на додипломски студии за студенти-питомци за потребите на Министерството за одбрана односно Армијата на Република Македонија и студенти за потребите на управување со кризи и заштита и спасување.

Воената академија е единствената воена високо-образовна и научна истражувачка установа во Република Македонија, чија основна задача е образование на кадри за потребата на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија како и субјектите за управување со кризи и заштита и спасување согласно Стратегијата за образование и обука во одбраната, како и да се бави со научно-истражувачка работа (НИР) за потребите на одбраната како поширока научна област на општествените науки, посебно во делот на воените и воено-техниките науки, управувањрето со кризи и заштитата и спасувањето .

***Основни функции на Воената академија се следните:***

- Развива и спроведува прв циклус на студии;
- Развива и спроведува втор циклус на студии (специјалистички стручни студии и магистратура);
- Развива трет циклус на студии (докторат);
- Носител е на сите нивоа на едукацијата на офицерскиот кор, обезбедува потполна реализација на Концептот за развој на офицерскиот кор во АРМ, почнувајќи од примарното ниво, преку континуираната професионална едукација, до сениорското ниво на едукација;
- Изработува планови и програми за сите нивоа на едукација на офицерскиот кор во АРМ;
- Развива и спроведува курсеви за континуиран професионален развој и континуирана едукација на професионален кадар од областа на кризниот менаџмент;
- Спроведува научно - истражувачка работа и развој на посебни студии по насоки на МО и ГШ на АРМ, како поддршка на активностите во одбранбениот сектор и извршува други надлежности од високото образование предвидени со закон;
- Покренува иницијативи за воведување модерна компјутерска технологија во рамките на образованието и обуката и овозможува користење на овие технологии од страна на другите субјекти во одбранбениот сектор;
- Планира финансиски средства за реализација на едукацијата на офицерскиот кор во АРМ во согласност со Системот за ППБИ; Наставно-образовната и воспитната дејност се регулира со Наредба на Деканот на ВА за реализација на наставата на Воената академија за секоја учебна година и со плановите за реализација на наставата.

***Воената академија својата работа ја врши врз основа на:***

- Законот за Воена академија:
- Законот за Високо образование;
- Законот за служба во АРМ;
- Законот за научно-истражувачката дејност;
- Статутот на Воената академија и
- други подзаконски акти (правилници и упатства) кои произлегуваат од Законот за Воена академија и Статутот на Воената академија.

Исто така, согласно Законот и Статутот, Воената академија во својата работа ги спроведува сите воени прописи и акти на Врховниот командант, министерството за одбрана и генералштабот на АРМ од кои произлегуваат обврски за Воената академија (директиви, планови, наредби, решенија, правилници, упатства, правила и друго).

## 1. ВИЗИЈАТА И ЦЕЛИТЕ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

Раководството на Воената академија е посветено да ја оствари својата цел преку примена на нов пристап кон студентите и кон стекнувањето на знаење, усогласен со практиките и искуствата на европските универзитети. Основната визија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”, е активно да ги промовира и понатаму да ги развива научните дисциплини застапени во студиските програми, активно да ги следи трендовите во доменот на безбедноста, одбраната и кризниот менаџмент и да дава соодветни научни и стручни совети на државното раководство во согласност со насоките и целите на државното раководство.

Својата визија Воената академија ја остварува преку следните принципи:

- ⇨ питомецот/студентот во центарот на вниманието;
- ⇨ индивидуален пристап кон питомецот/студентот;
- ⇨ зголемен степен на интерактивност во наставата со примена на современи методи и
- ⇨ научно-стручна истражувачка дејност

Визијата на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” треба да овозможи создавање на институција која ќе биде препознатлива по највисоките човекови вредности: знаење, умеење, вистина, чест. Тоа треба да придонесе кон создавање на институција која ќе произведува високо професионален и квалитетен кадар, подготвен да го аплицира своето знаење во сите сфери на општественото живеење, а посебно во доменот на одбраната безбедноста и кризниот менаџмент поддржувајќи го на тој начин националниот економски развој и развојот на државата воопшто. Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”, е високообразовна институција која се стреми да создава кадар кој ќе ја презема одговорноста на својата иднина и иднината на сегашните и идни генерации.

Од анализата на визијата, целите и тежините задачи може да се констатира дека Воената академија има јасно поставена визија и цели. Исто така Воената академија има предвидено соодветни тежишни задачи преку кои обезбедува остварување на поставените цели и визијата. Она што недостасува е јасно дефинирана мисија на Воената академија во која покрај останатото ќе се потенцира и регионалниот придонес на Воената академија во доменот на одбраната, безбедноста и кризниот менаџмент, како и соодветна програма за реализација на мисијата, со посебен осврт на меѓународната соработка. Дополнително комисијата констатира дека иако е позитивно постоењето на тежишни задачи кои го овозможуваат остварувањето на визијата и целите, евидентно е дека не постои соодветна стратегија која ќе обезбеди сеопфатен пристап кон визијата, целите и мисијата на Воената академија. Стратегијата за остварување на визијата и целите препорачуваме да се посвети на следните прашања:

- Како Воената академија ги следи промените што се прават на другите високообразовни установи во земјата и во странство?
- Како овие промени се имплементираат на останатите Воени академии во светот?
- Како и со каква динамика Воената академија се менува со цел да се подобри?
- Како и со каква динамика Воената академија се приспособува на новите барања и колку брзо реагира на барањата на надворешната околина?
- Како и дали Воената академија изготвува стратешки план за реализација на визијата и остварување на целите? и

- Кои се управувачките механизми на кои треба да се фокусираат раководните органи на Воената академија со цел да го унапредат квалитетот.

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Воената академија е формирана во текот на 1992 година како Високо школски центар и истата континуирано работеше до 2006 година кога заврши и последната класа питомци. Потоа следи период на мораториум од 2006-2009 година, во кој не се примаат питомци, но затоа пак се организираат курсеви за офицери на служби, КША и изработка на студиски планови за повторно рестартирање на Воената академија.

Воената академија повторно започна со работа согласно Законот за Воената академија објавен во Службен весник на Република Македонија број 83 од 03.07.2009 година. Ден на Воената академија е 14 јуни секоја календарска година според Статутот на воената академија број 07-876-1 од 17.10.2011 година.

Воената академија е акредитирана за реализација на трите циклуси на универзитетски студии. Досега на Воената академија се реализираат студиските програми за студирање на прв и втор циклус на студии. Заради тоа комисијата спроведе постапка за самоевалуација на првиот и вториот циклус на студии.

Во прв циклус на студии студирањето се изведува во времетраење од четири години односно осум семестари. Учебната година има два семестара: зимски и летен. Досега се реализирани шест семестари.

### *2.1. Модел на студиите од прв циклус*

**Наставата** по дисциплините предвидени елаборатите за студиски програми се реализира преку **предавања** и **вежби** организирани во петдневна работна недела и неделното оптоварување кое не преминува **30** часови. За посебните практични настави кои се изведуваат на полигоните или во единиците на АРМ (се однесува за питомците) е предвидена можност за поголемо неделно оптоварување. Останатото време се користи за самостојна работа и вонннаставни активности на питомците и студентите во согласност со дневниот распоред на времето.

Покрај теоретската настава, со програмата е предвидена и обука по основни академски способности, како и практична обука предвидена во содржините на предметните програми.

Постојат разлики во бројот, содржината, почетокот, завршетокот и времето на траење на активностите по годините на школување и затоа е потребно за секоја година, според календарот, согласно со Елаборатот, да се изработува **План за реализација на наставата** за тековната учебна година.

Структурата на часовите и предметните содржини иако се во согласност со визијата и целите на Воената академија и се во соодветност со називот на дипломата делумно обезбедува развој на стручен односно научен профил на Воената академија, согласно со домашните и меѓународните стандарди, како и според желбата на питомците студентите за што е покрената реакредитација на Воената академија.

Иако има голем број на наслови во библиотеката на Воената академија, сепак недостасува соодветна литература која ги задоволува академските стандарди и критериуми во согласност со нивото на образование и воспитување за наставните дисциплини. Исто така во изминатиот период евидентно е дека издавачката дејност е запоставена, за која е неопходно подобрување

во делот на издавачка дејност, издавање на квалитетни учебници за потребите на наставата, издавање на мултимедиални материјали за подршка на наставата итн.

Односот број на часови за предавања и број на часови за вежби (семинарска работа/теренска настава) е според зконските критериуми.

### *Општи согледувања за додипломските студии на Воената академија*

Воведувањето на ЕКТС е еден од главните предуслови за приближување на Академијата кон европскиот простор на високото образование.

Во периодот на основање и почеток од 2009-2012 година Академијата дизајнираше и оформи современи студиски програми на додипломските студии се со цел и во насока на:

- ⇨ намалување на оптовареноста на студентите со обемот на предметните содржини;
- ⇨ воведување на поголем број изборни предмети, со што се зголемува можноста за избор според личен афинитет на студентот;
- ⇨ воведување нови форми на континуирано оценување на студентите преку семинарски трудови (покрај колоквиумите и завршните испити);

Заклучок е дека Академијата во осовременувањето на студиските програми воведе модуларни курикулуми, што подразбира предметни програми со задолжителни предмети и доволен број на изборни предмети кои ја збогатуваат студиската програма.

Академијата го претпочита принципот на интердисциплинарност и на мултидисциплинарност во студиските програми, односно интегрирани студии, при што во реализацијата на наставната програма учествуваат наставници од повеќе факултети.

Обемот на предметните програми е резултат на дизајнирање на нови наставни програми, односно воведени се нови содржини.

Оптимализацијата на бројот на часовите и обврските е процес на кој Воената академија му посветува посебно внимание и на кој и во иднина треба да му се посветува посебно внимание.

Што се однесува до бројот на наставниците што ги реализираат студиските програми, евидентно е дека бројот на наставници со полно работно време, вработени на Воената академија, постепено се зголемува, што придонесува кон јакнење на Академијата како образвона институција. Исто така е евидентно и дека дел од наставниците се ангажирани со договори со неполно работно време и нивниот број е во опаѓање.

Важен сегмент во дејноста на Академијата на кој сметаме дека треба да му се посвети сериозно внимание во иднина се обезбедување на континуирано образование, образование на далечина, доживотното образование како и поголем увид во квалитетното изведување на наставата од страна на наставниците и креирање на процедура за превземање на соодветни мерки на наставниците  кои од страна на питомците и студентите а и од надлежните за контрола за наставата ќе покажат недоволен квалитет и успех.

. Како добар водич во реализирањето на овие заложби може да послужат постоечките пилот-проекти, на дел од сродните институции во земјата и странство, или пак сопствени проекти кои ќе го земат во предвид начинот на кој тоа ќе се осмисли, реализира, како и сите овие напори нормативно би требало да се уредат.

### *2.2.Модел на студиите од втор циклус*

Студиите во II циклус се организираат во форма на редовни и вонредни студии во различни наставно-научни области, и тоа:

Научни студии (магистратура) како подготовка за научно-истражувачка дејност во определена област и обработка на современите аспекти на таа област, се организира за следните насоки – наставно-научни области:

- Безбедност и одбрана;
- Управување со кризи и заштита и спасување.

Стручните студии (специјализација) претставуваат продлабочено студирање на определена област и развивање на практичните комптенции, се изведува во насоките:

- Специјализација за командни и штабни должности;
- Специјализација за заштита и спасување.

Во содржински поглед студиите се дизајнирани со блок задолжителни и блок изборни предмети, со што на кандидатите и на организациите што ги финансираат во текот на студиите им е дадена можност непосредно да влијаат врз делот од содржината на образованието.

При дизајнирањето на студиските програми во делот на магистерските студии избегнати се рамките за премногу тесна специјализација и е избран интердисциплинарниот пристап. Во рамките на специјалистичките студии е вграден посебен стручно-специјалистички дел со кој се вообличува специјализацијата за одредено подрачје, што е поврзано со оспособувањето за извршување практични работни задачи и стекнување компетенции за повисоки раководни должности во областа.

Во процесен поглед за студиите од II циклус по правило се организира настава за секој предмет. По исклучок, кога за одреден предмет, особено за изборните, нема доволно студенти, наставата е консултативна или менторска.

Студиите од II циклус по содржината и обемот начелно не претставуваат повторување на редовните студии од I циклус. Воочено е одредено повторување на минимум наставна одржина, во одделни предмети, меѓутоа раководните во Академијата го имаат воочено овој феномен и експресно е издејствувано заотстранување на повторувањата. На тој начин студиите од II циклус опфаќаат нови подрачја, области и дисциплиони. Одделни делови каде што повторувањето е неизбежно, зарадии надградување на образованието програмата значително проширено и продлабочено навлегуваа во соодветната материја.

Вредноста на секоја предметна програма се изразува во кредити – 1 кредит е еквивалент на 30 часови (во текот на неделата) оптовареност на студентите според различни облици: директна настава, семинарски работи, професионална практика, подготовка на испит, изработка на магистерски, односно специјалистички труд и слично. Програмскиот обем за определено ниво изнесува:

- за магистерско ниво – 60 кредити;
- за специјалистичко ниво – 40 кредити[1].

Секоја предметна програма е автономна, но и функциски вклопена во целината на студиите од II циклус. Со тоа е овозможено нивоата да се совладуваат и постапно – директно магистерски студии, па потоа специјализација и обратно.

Наставата на универзитески студии од II циклус (специјализација и магистратура) се изведува преку предавања, консултации, изработка на семинарски работи, практични вежби, решавање конкретни тактички задачи и ставање во улога при извршување конкретни

[1] Во рамките на Специјализацијата не се вреднува со кредити делот на стручно-специјалистички предмети, што во суштина опфаќаат практична работа на решавање тактички задачи, работа во улога на извршување определени должности, штабно функционирање и работа во процесот на донесување одлуки и слично. Ова согласно Законот за високо образование, е регулирано во Статутот на Воената академија.

задолженија. Испитите ќе се полагаат по завршување на семестарот и тоа откако кандидатот ќе ги исполни обврските на предметната програма и критериумите на ЕКТС.

Последниот семестар е предвидена изработка на специјалистички/магистерски труд. Изработката на специјалистичкиот/магистерскиот труд е задолжителна и истите подлежат на јавна одбрана. После завршувањето на универзитески студии од II циклус кандидатот стекнува за завршени магистерки студии 60 кредити, а за завршена специјализација 40 кредити според ЕКТС.

Со завршување на магистерските студии се добива диплома со назив магистер по менаџмент со одбранбено-безбедносни ресурси од соодветната област на студиската програма (англиски: *Master of defense and security resources management*).

Со завршување на специјалистичките студии се добива диплома со назив специјалист за соодветната насока (специјалист за командни и штабни должности и специјалист за заштита и спасување).

За реализација на студиската програма за втор циклус на студии Воената академија и Министерството за одбрана и АРМ, располагаат со кадар наведен во следнава табела.

| **Институција / Звање** | **Воена академија** | **Министерство за одбрана и АРМ** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | 9 | 7 | 15 |
| Магистри | 6 | 23 | 29 |
| Командно-штабна академија | 4 | 212 | 216 |
| Генерал-штабна академија | 1 | 11 | 12 |
| Школа за народна одбрана | / | 8 | 8 |

Табела.1 Преглед на кадари во МО и АРМ.

За време на самоевалуацијата на Воената академија се запишани 82 слушатели во втор циклус на студии и тоа:

- На специјализација за командни и штабни должности се запишани 35 слушатели од кои 10 слушатели се од логистички весови и 9 од нив имаат одбрането специјалистички трудови. Еден слушател од специјализацијата за командни и штабни должности не го започнал студирањето.
- На магистерски студии 48 слушатели од кои во насоката безбедност и одбрана 36 слушатели и во насоката кризен менаџмент заштита и спасување 12 слушатели.

**ПРЕГЛЕД НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**




**Слика** 1. Број на запишани студенти во втор циклус на студии по насоки

### *2.3.Можности за продолжување на студиите*

При организирањето на предложената програма за универзитески студии од II циклус (специјализација и магистратура) според Болоњскиот процес, земена е предвид и можноста за продолжување на трет циклус на студии. Со тоа е обезбден соодветен континуитет во образованието за кандидтите запишани на последипломските студии на Воената академија. Студентот кој успешно ќе ги комплетира студиите од II циклус според програмата за магистратура, се здобива со право директно да продолжи со студирањето во III циклус до стекнување на академски степен – доктор на науки.

## 3. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ**

### *3.1. Наставно-научен,соработнички кадар и административен кадар*

#### *3.1.1. Анализа на наставно-научниот и соработнички кадар на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”.*

На Академијата постојат следните основни организациски единици:

- Сектор за настава и научно-истражувачка работа ( во натамошниот текст: НИР);
- Сектор за втор и трет циклус на студии и стручно и професионално усовршување;
- Стручна и административна служба.

***Во составот на секторот за настава и НИР се следните внатрешни организациски единици:***

- Катедра за воени науки и вештини;

- Катедра за воена логистика;
- Катедра за природни и воено-технички науки;
- Катедра за општествени науки;
- Катедра за безбедност и кризен менаџмент, заштита и спасување.

***Во составот на секторот*** за втор и трет циклус на студии и стручно и професионално усовршување ***внатрешни организациски единици се:***

- Одделение за II и III циклус на студии
- Одделение за стручно и професионално усовршување
- Одделение за напредни образовни технологии и симулациска поддршка

***Во составот на*** стручна и административна служба ***внатрешни организациски единици се:***

- Стручна и административна служба
- Одделение за планирање, административни и студентски работи
- Одделение за поддршка

***Наставно-научен и соработнички кадар***

Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" од своето формирање до денес води интензивна политика на создавање на квалитетен наставно-научен кадар, па така од формирањето во 2009 година до денес брои:

26 постојано вработени и
28 хонорарни соработници ангажирани како наставен персонал.

**Наставно-научниот кадар е составен од:**

7 Редовни професори,
4 Вонреден професор,
17 Доценти,

**Лекторскиот кадар се состои од:**

/ Виши лектори,
2 Лектори,

**Наставниот кадар се состои од:**

1 Виши предавач
3 Предавач

**соработничкиот кадар се состои од:**

/ Асистент,
/ Помлади асистенти,
/ Уметнички соработници и
20 Соработници.

Мора да се потенцира дека на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски, се одвива континуиран процес на вклучување на нови доктори на науки и магистри кои постојано се приклучуваат во реализирањето на наставниот процес, каде ограничувачки фактори се пред се расположливоста на ваков кадар на национално ниво, како и ограничените финансиски ресурси за нови вработувања.

### *3.1.2.Анализата на кадровската распределба*

**1) Сектор за настава и научно-истражувачка работа**

Во Секторот за настава и научно истражувачка работа има 2 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во секторот се 1 наставници од соработничкиот кадар е 1 соработник, така да односот наставник : соработник е 1:1.

**2) Катедра за воени науки и воени вештини**

Во Катедра за воени науки и воени вештини има 6 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во катедрата се 5 наставници од соработничкиот кадар е 3 соработници, така да односот наставник : соработник е 5:3.

Катедрата за ВНиВВ со ангажираните редовни и хонорарни наставници и соработници во првиот циклус на студии покрива **33 предмети** од студиската програма за прв циклус на студии.

**3) Катедра за воена логистика**

Во Катедра за воена логистика има 5 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во катедрата се 2 наставници од соработничкиот кадар нема соработници, така да односот наставник : соработник е 2:0.

Катедра за воена логистика со ангажираните редовни и хонорарни наставници и соработници во првиот циклус на студии покрива **8 предмети** од студиската програма за прв циклус на студии.

**4) Катедра за природни и воено технички науки**

Во Катедра за природни и воено технички науки има 4 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во катедрата се 12 наставници од соработничкиот кадар е 2 соработник, така да односот наставник : соработник е 12:8.

Катедра за природни и воено технички науки со ангажираните редовни и хонорарни наставници и соработници во првиот циклус на студии покрива **64 предмети** од студиската програма за прв циклус на студии.

**5) Катедра за општествени науки**

Во Катедра за општествени науки има 4 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во катедрата се 11 наставници од соработничкиот кадар е 2 соработник, така да односот наставник: соработник е 11:2.

Катедра за општествени науки со ангажираните редовни и хонорарни наставници и соработници во првиот циклус на студии покрива **24 предмети** од студиската програма за прв циклус на студии.

**6) Катедра за безбедност, кризен менаџмент заштита и спасување**

Во Катедра за безбедност, кризен менаџмент заштита и спасување има 4 вработени. Од наставно – научниот кадар, наставничкиот кадар во катедрата се 4 наставници од соработничкиот кадар е 2 соработник, така да односот наставник : соработник е 4:7.

Катедра за безбедност, кризен менаџмент заштита и спасување со ангажираните редовни и хонорарни наставници и соработници во првиот циклус на студии покрива **26 предмети** од студиската програма за прв циклус на студии.

Анализата на кадровската распределба по катедри укажува на постоење на нерамномерна распределба на наставнички и соработнички кадар.

Односот наставник / соработник е 1,7 што укажува дека постои потреба од ангажирање на нов соработнички кадар.

Ова е во согласност и со податоците добиени од оптовареноста на соработничкиот кадар во однос на параметарот студент/наставник, според кој просечно на ниво на Академија за време на самоевалуацијата имаше 131 студент, односно 6,55 студенти на еден соработник.

### *3.1.3. SWOT анализа за наставно-научниот и соработнички кадар на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”.*

**Силни страни (strengths)**

- обезбеденост со кадар со капацитет и расположеност за развој и имплементација на нови студиски програми за додипломско и последипломско образование;
- оспособеност на расположивиот кадар за реализација на научноиетражувачкн и апликациони проекти.

**Слаби страни (weaknesses)**

- непостоење на временски период за репродукција на кадар, како и неможност за сопствена едукација на кадри (трет циклус на студии);
- отсуство на програми и модалитети за обезбедување на континуирано усовршување на наставничкиот и соработничкиот кадар;

**Можности (opportunities)**

- проширување на можноста за вработување/ангажирање на дополнителен наставно-научен и соработнички кадар;
- можност за соработка со стопанството низ формата на ангажирање на истакнати експерти од праксата;
- можност за сопствена едукација на кадри прску организирање на втор/трет циклус студии.

**Закани (threats)**

- ограничувања на вработувањата на наставно-научни и соработнички кадри поради лимитираните финансиски средства;
- намален интерес на младите кадри за едукација и работа во државата, поради лошата материјална состојба и ригорозните критериуми за напредување;
- одлив на наставнички кадар поради заострената конкуренција помеѓу високообразовните институции на национално ниво особено заради поголеми финансиски примања;
- ограничени финансиски средства за едукација и усовршување на научни кадри.

Административниот кадар на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” е ангажиран за извршување на административно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес. Во трите години постоење на овој Академијата се ангажирани околу 15 лица за извршување на стручните и административно-техничките работи.

### *3.2. Сервисот на студентската служба и одделението за поддршка*

Персоналот од студентската служба и одделението за поддршка при Воената академија, комисијата е организиран со цел да овозможи квалитетна и навремена услуга на питомците и студентите, овозможи навремено подигање на потребната литература од библиотеката, копирање на потребните материјали и исплата на сите финансиски принадлежности.

## 4. ПИТОМЦИ СТУДЕНТИ И СТУДЕНТИ

Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” – Скопје својата наставно-образовна и истражувачка дејност ја извршува во следните насоки:

- ***„Управување со ресурси”***;
- ***„Телекомуникации во одбранбено-заштитни системи”;***
- ***„Нуклеарно-хемиско-биолошка заштита”;***
- ***„Нискоградба”;***
- ***„Пилот”;***
- ***„Контрола на воздушен простор”;***
- ***„Кризен менаџмент, заштита и спасување”***.

Во периодот на самоевалуација, на сите насоки во рамките на ВА Скопје запишани се вкупно 131 студенти, од кои 94 студенти питомци од Република Македонија 10 студенти питомци од Црна Гора и 27 студенти (слика 1).

Во текот на првите две години на студирање питомците не се поделени по насоки и програмата за студирање во прва година е иста за сите питомци, исто така и програмата за студирање во втора година е иста за сите питомци.




**Слика** 2. Број на запишани студенти по наставни групи

Националната структура на питомците и студентите во голема мера ја запазува националната структрура на населението во Република Македонија и истата е дадена во следните табели.

| ПИТОМЦИ | П О Л | | Национална припадност | | | | | | | | ВКУПН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | Албанци | Роми | Срби | Власи | Турци | Црногорци | Бошњаци | |
| I година | Мажи | 25 | 15 | 5 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 34 |
| | Жени | 9 | 6 | 1 | | | | | 1 | 1 | |
| II година | Мажи | 26 | 15 | 3 | / | / | 2 | 2 | 4 | / | 36 |
| | Жени | 10 | 7 | / | / | 1 | / | / | 2 | / | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III година | Мажи | 27 | 20 | 5 | | 1 | 1 | / | / | / | **34** |
| | Жени | 7 | 6 | / | / | / | / | / | / | 1 | |
| Вкупно: | Мажи | 78 | 50 | 13 | / | 2 | 4 | 3 | 5 | 1 | **104** |
| | Жени | 26 | 19 | 1 | / | 1 | / | / | 3 | 2 | |
| | | **104** | **69** | **14** | **/** | **3** | **4** | **3** | **8** | **3** | |

Табела бр. 2 преглед на националната структура на студентите - питомци

| С Т У Д Е Н Т И | | П О Л | | Национална припадност | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Македонци | Албанци | | |
| I година | Центар за управување со кризи | Мажи | 3 | 1 | 2 | 5 | 9 |
| | | Жени | 2 | 2 | | | |
| | Заштита и спасување | Мажи | 3 | 3 | | 4 | |
| | | Жени | 1 | 1 | | | |
| II година | Центар за управување со кризи | Мажи | 4 | 4 | / | 5 | 10 |
| | | Жени | 1 | 1 | / | | |
| | Заштита и спасување | Мажи | 4 | 3 | 1 | 5 | |
| | | Жени | 1 | 1 | / | | |
| III година | Центар за управување со кризи | Мажи | 3 | 3 | / | 4 | 8 |
| | | Жени | 1 | 1 | / | | |
| | Заштита и спасување | Мажи | 4 | 4 | / | 4 | |
| | | Жени | / | / | / | | |
| Центар за управување со кризи | | Мажи | 10 | 8 | 2 | 14 | 27 |
| | | Жени | 4 | 4 | / | | |
| Заштита и спасување | | Мажи | 11 | 7 | 1 | 13 | |
| | | Жени | 2 | 2 | / | | |

Табела бр. 3 преглед на националната структура на студентите

Успехот на питомците и студентите по години и вкупно постигнат во текот на студирањето на Воената академија е даден во следните табели.

**а) Студенти / питомци I Година**

| **Студенти / питомци , Студенти** | **ВКУПНО** | **ПРОСЕК** | **ВКУПЕН ПРОСЕК** |
|---|---|---|---|
| Р. Македонија | **29** | **8,50** | **8,31** |
| Р. Црна Гора | **4** | **8,60** | |
| Студенти Центар за управување со кризи | **5** | **7,21** | **7,29** |
| Студенти Заштита и спасување | **5** | **7,40** | |
| Вкупно | **43** | **Просек на генерација** | |
| | | | **7,8** |

**б) Студенти - питомци II Година**

| **Студенти / питомци , Студенти** | **ВКУПНО** | **ПРОСЕК** | **ВКУПЕН ПРОСЕК** |
|---|---|---|---|
| Р. Македонија | **29** | **8,20** | **8,33** |
| Р. Црна Гора | **6** | **8,46** | |
| Студенти Центар за управување со кризи | **5** | **8,23** | **8,05** |
| Студенти Заштита и спасување | **4** | **7,86** | |
| Вкупно | **44** | **Просек на генерација** | |
| | | | **8,19** |

**в) Студенти - питомци III Година**

| **Студенти / питомци , Студенти** | **ВКУПНО** | **ПРОСЕК** | **ВКУПЕН ПРОСЕК** |
|---|---|---|---|
| Питомци | **34** | **8,29** | **8,29** |
| Студенти Центар за управување со кризи | **4** | **7,32** | **7,44** |
| Студенти Заштита и спасување | **4** | **7,56** | |
| Вкупно | **42** | **Просек на генерација** | |
| | | | **7,87** |

**Студенти- питомци и студенти од прв циклус на студии од сите три години**

| **Студенти / питомци , Студенти** | **ВКУПНО** | | |
|---|---|---|---|
| Питомци | **102** | | |
| Студенти | **27** | | |
| | | | |
| Вкупно | **129** | **Вкупен просек на сите** | |
| | | | **7,95** |

***4.1. Насока - „УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИ”;***

*Вкупен број питомци студенти*

- Во периодот на самоевалуацијата вкупниот број на питомци на управување со ресурси на додипломски студии во трета, година на студии запишани се вкупно 24 питомци студенти.

*Вкупен број на одбранети, дипломски, специјалистички и магистерски трудови и докторски дисертации*

- Во насоката „управување со ресурси" сѐ уште нема дипломирани студенти.

*Осипување на питомци студенти*

На Воената академија од насоката управување со ресурси во трета година нема осипување на питомци студенти.

**Ангажираност на студентот во наставно-образовниот процес, индивидуално учење и кредити**

Вкупната ангажираност на студентите на ниво на академска година е од 1500 до 1800 часа, што е еквивалент на 60 ЕКТС.

*Видови студентска активност*

Во периодот на самоевалуација се евидентирани повеќе облици на студентска активност, како што се организирање дебати и работилници, соработка со младински клубови и учество на конференции и семинари. Исто така питомците и студентите времето за вон наставни активности го користат за посети на филмски, театарски и културно-уметнички претстави, концерти, ликовни изложби и слично.

Питомците и студентите, преку своите спортски друштва или самостојно активно учествуваат во спортскиот живот на студентската младина во Републиката.

Значајна улога во сестраниот развој на личноста на питомците/студентите има и организирањето на разни видови на курсеви.

### ***4.2. Насока – ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ВО ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИ СИСТЕМИ***

*Вкупен број питомци студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, вкупниот број на студенти на насоката телекомуникации во одбранбено-заштитни системи на додипломски студии во трета година на студии се запишани вкупно 10 студент.

*Вкупен број на одбранети, дипломски, специјалистички и магистерски трудови и докторски дисертации*

На насоката телекомуникации во одбранбено-заштитни системи нема сеуште дипломирани студенти.

*Осипување на питомци студенти*

На Воената академија од насоката телекомуникации во одбранбено-заштитни системи во трета година нема осипување на студенти.

*Ангажираност на студентот во наставно-образовниот процес, индивидуално учење и кредити*

Вкупната ангажираност на студентите на ниво на академска година е различна и изнесува 1500-1800 часа што е еквивалент на 60 ЕКТС.

*Видови студентска активност*

Во периодот на самоевалуација се евидентирани повеќе облици на студентска активност, како што се организирање дебати и работилници, соработка со младински клубови и учество на конференции и семинари. Исто така питомците и студентите времето за вон наставни активности го користат за посети на филмски, театарски и културно-уметнички претстави, концерти, ликовни изложби и слично.

***4.3. Насока – НУКЛЕАРНО-ХЕМИСКО-БИОЛОШКА ЗАШТИТА***

*Вкупен број на питомци студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, на насоката нуклеарно-хемиско-биолошка заштита нема запишано студенти.

***4.4. Насока – НИСКОГРАДБА***

*Вкупен број на питомци студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, на насоката нискоградба нема запишано студенти.

***4.5. Насока – ПИЛОТ***

*Вкупен број на питомци студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, на насоката пилот нема запишано студенти

***4.6. Насока – КОНТРОЛА НА ВОЗДУШЕН ПРОСТОР***

*Вкупен број на питомци студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, на насоката контрола на воздушен простор нема запишано студенти

***4.7. Насока - КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ***

*Вкупен број студенти*

Во периодот на самоевалуацијата, вкупниот број на студенти на насоката Кризен менаџмент, заштита и спасување на додипломски студии се запишани вкупно 27 студенти од тоа:

- На студиската програма од областа на заштита и спасување 13 студенти и
- На студиската програма од областа на управување со кризи 14 студенти.

*Вкупен број на одбранети, дипломски, специјалистички и магистерски трудови и докторски дисертации*

На насоката Кризен менаџмент, заштита и спасување нема сеуште дипломирани студенти.

*Осипување на студенти*

На Воената академија нема осипување на студенти од насоката Кризен менаџмент, заштита и спасување.

*Ангажираност на студентот во наставно-образовниот процес, индивидуално учење и кредити*

Вкупната ангажираност на студентите на ниво на академска година е различна и изнесува 1500-1800 часа што е еквивалент на 60 ЕКТС.

*Видови студентска активност*

Во периодот на самоевалуација се евидентирани повеќе облици на студентска активност, како што се организирање дебати и работилници, соработка со младински клубови и учество на конференции и семинари. Особено е значајно и учеството на натпреварот по Меѓунардоно хуманитарно право, организиран од страна на Меѓународната организација на Црвениот Крст на кое беше забележан значителен резултат освојувајќи го третото место помеѓу 11 универзитети од Европа, како и номинирање на на еден питомец за еден од 4 најдобри учесници на натпреварувањето. Исто така, питомците и студентите времето за вон наставни активности го користат за посети на филмски, театарски и културно-уметнички претстави, концерти, ликовни изложби и слично.

Питомците и студентите, преку своите спортски друштва или самостојно активно учествуваат во спортскиот живот на студентската младина во Републиката.

Значајна улога во сестраниот развој на личноста на питомците/студентите има и организирањето на разни видови на курсеви.

Иако студентите се вклучени во воннаставната активност, таа може да се подобри преку дефинирање на обликот, начинот на организирање и подобра координација и организација на воннаставните активности на питомците и студентите помеѓу ВА и ЦОП, формирање на легитимна студентска организација (студентски и питомечки парламент на ВА) соглсано законот за Високо образование, формирање на секции за културно-забавни активности и воспоставување на соработка, потпишување на меморандуми за соработка (за доставување на редовни информации за активности и обезбедување на соодвени попусти) и интензивирање на соработката со институции од областа на културата и спортот. На тој начин би се подобрило учеството на питомците и студнетите во воннаставните активности.

### *4.9. Осипување на студенти од Воената академија*

На Воената академија има осипување на 8 студенти и тоа 3 студенти од првата група, 2 студенти од втора група и 3 студент од трета група за време на студирањето во првите две години односно пред поделбата по насоки.




**Слика** 3. Осипување на студентите од Воената академија

### *4.3. Просторните и материјалните ресурси*

Воената академија просторно е сместена во касарната „Гоце Делчев” во Скопје. Користи шест објекти (објектите бр.54, 55, 56, 57, лабораторијата 24, нов објкет бр.2 - библиотека), ресторан за исхрана, дворни површини, паркинзи, сообраќајници, уредени површини за спортување и други содржини. Податоците за имотот со кој располага Министерството за одбрана, а го користи Воената академија, се следни:

1. Училници и лаборатории:
- 15 училници за настава со површина од 1779 м2,
- амфитеатар со површина од 94 м2,
- свечена сала со површина од 94 м2,
- мултимедијална сала со површина од 126 м2,
- лабаратории за старански јазици со површина од 188 м2,
- хемиска лабараторија со површина од 68 м2,
- лабаратории за експлозивни материи со површина од 29 м2,

2. 70 канцеларии со површина од 1670 м2,

3. 32 Спални за семстување на студентите со вкупна површина од 816 м2,:
4. Библиотеката е предвидено да биде со површина од околу 2 500м2, истата е во фаза на проект и се планира да има 5 канцеларии, 1 сала за состаноци , магацински простор и простории за библиотечна граѓа со читални и други простории.
5. Спортски терени околу 8 443м2;

- игралиште за одбојка од околу 242 м2,
- игралиште за кошарка од околу 966 м2,
- игралиште за тенис од околу 693 м2,
- игралиште за фудбал од околу 4 220 м2,
- игралиште за ракомет од околу 990 м2,
- објект за атлетика 1332 м2,

Кабинети и училници и лабараториите овозможуваат ефективно реализирање на наставата и вежбите според утврдени критериуми и стандарди но има потребата од реновирање на постоечките и креирање на нови кабинети за настава, креирање на современа лабораторија за симулации, итна изградба на спортска сала и обезбедување на простор за културно забавен живот на питомците и студентите на ВА.

Опремата со која располага Воената академија ги задоволува стандардите за теориска и за практична настава, дел од практичните вежби се одвиваат во единиците на АРМ, ЦУК и ДЗС;

Компјутерските лаборатории и приклучоците на интернет делумно ги задоволуваат потребите на питомците и студентите поради што е потребно да се обезбедат дополнителни приклучоци за интернет и доосовременување на компјутерските кабинети.

Прирачниците напишани од наставниот кадар недоволно ги задоволуваат потребите на Воената академија што ја налага потребата од подобрување на издавачката дејност на Воената академија .

При копирање на учебниците и друга литература на Воената академија е обезбедено спречување на повредите на авторските права.

## 5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Во досегашниот период Воената академија има остварено соработка со повеќе воени академии од соседството на полето на одбраната и безбедноста и има упатено питомци на школување на истите и тоа: 2 питомци на НВУ „Васил Левски“ Велико Трново, Бугарија; 6 питомци на Копнена Воена Академија Анкара, Турција и 6 питомци на ВУ „Скендер Бег“ Тирана, Албанија. Исто така Воената академија има воспоставено соработка Црна Гора од каде се упатуваат питомци за школувана Воената академија. Меѓународната соработка Воената академија ја остварува и преку организација на ЛЕТЕН КАМПУС на која учествуваат питомци од воените академии од соседството, САД и ОК и еминентни професори и предавачи како од воените академии од кои учествуваат питомците така и професори од Маршал центарот од Гармиш, Германија; Здружената команда на НАТО во Неапол, Командата на НАТО силите во Босна и Херцеговина и НАТО советодавниот тим во Скопје. Воената академија во досегашниот период има организирано неколку предавања на актуелни теми на кои учествувале професори од земјите членки на НАТО.

Иако постои соработка со Воените академии на регионално ниво, надворешната соработка на Воената академија може да се подобри доколку се:

- изработи програма за меѓународна соработка и се овозможи поголемо учество на конференции, симпозиуми, конгреси и други меѓународни активности на наставниот кадар од Воената академија;

- потпишат меморандуми за соработка со најреномираните маѓународни научни и стручни организации и инситуции во областа на работа на ВА;
- интензивира соработката со овие организации и инситуции во насока на подготовка и реализација на заеднички проекти, размена на наставен кадар, студиски патувања и сл.
- Подобрување на организацијата на ЛЕТНИОТ КАМПУС преку развивање во облик на меѓународен проект и аплицирње за финансиска поддршка од НАТО.

## 6. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Воената академија во досегашниот период има организирано една научно-стручна конференции на теми од областа на одбраната и безбедноста исто така наставниот персонал со свои трудови има учествувано на голем број на конференции во земјата и во странство.

Евидентно е дека има потреба од унапредување на научно-истражувачката дејност преку организирање на научни, научно-стручни и стручни конференции, односно подготовка, и реализација на проекти од доменот на работењето на Воената академија, поголема соработка со ГШ на АРМ и командите и единиците од неговиот состав во насока на заедничка работа на науката и практиката заради подобрување на нивното функционирање и имплементација на сите неопходни стандарди и современи научни и стручни достигнување од нивниот домен на функционирање и поголема соработка со УДГ во насока на подобро взаемно искористување на наставните и научните капацитите.

## 7. ЗАКЛУЧОК